## ИЗЛОЖБА НА ЖЕНСКИ АВТОРИ ВО КУЛТУРНАТА ЛОКАЦИЈА „МЕСТО“

# Авторките наспроти маскуларниот уништувачки период

Во 20 часот, вечерва, во културната локација „Место“ ќе биде отворена изложбата „Куќата - хаосот“, која претставува дела од женски автори од шест држави на регионот.

Делата што ќе бидат претставени на оваа изложба се изработени во рамки на уметничката работилница што се одржа од 19 до 29 септември во населбата Канео - Охрид. Работилницата резултираше со дела во кои записот е носен на сликарско платно и рам, а целта на изборот на овој медиум беше да се поврзе изработката на делото како аналоген процес на повторното градење на домот, уништен во југословенските војни.

Почетната идеја да се отвори оваа тема поаѓа од намерата да се преиспита улогата на жената и нејзиниот (ре)создавачки дискурс во однос на маскуларниот постуништувачки период, пројавен во последните балкански војни.

Од Македонија на оваа работилница и изложба учествуваат: Микица Трујкановиќ, Моника Десоска и Жанета Вангели, а другите учеснички се: Нина Тородовиќ и Светлана Воліќ од Југославија, Светозара Александрова и Дилмана Јорданова - Стефанова од Бугарија, Сабина Решиќ од Хрватска, Полона Покуклар и Ксенија Черче од Словенија, Љутмури Бљошми и Рајмонда Захарија - Мато од Албанија, и Гордана Анѓелиќ - Галиќ од Босна и Херцеговина.

К.Р.